

# Pop Art

# Поп Арт



Избор од колекцијата на МСУ



Едукативно – дидактичка изложба на тема
Оддел за Едукација
Април 2003



# Pop Art
# Поп Арт

Избор од колекцијата
на МСУ

Едукативно – дидактичка изложба на тема
Оддел за Едукација
Април 2003

За опширно и подробно спознавање на Поп Артот, користиме литература; Речник, Лексикон, Енциклопедии, книги, каталози…., впрочем како што се едуцираме и за другите општо потребни сознанија. Со добиените информации од нив, овој пат, само накратко, едукативно - дидактички, ќе се насочиме кон темата што ја одбравме.





**Валентинер Петер, FRA**
Детектив, 1969
Акрилик на платно, 100x100

**Поп Арт** ( скр. од анг. Popular art – Популарна уметност)
една од современите тенденции во уметничкото изразување....

Поп Артот се јавува во 60-те години на XX век.

Кога се појавува, за прв пат, во Англија, голем број критичар и уметници во Америка и Европа, Поп Артот, го гледале со презир и големо разочарување.
Затоа пак младите го прифатиле со одушевување. За нив биле големо освежување, неговата непосредност при употребата на ликовните идиоми и некритичкиот став кон  она што не опкружува. Поп Артот постепено започнува да се прифаќа со своите вредности. Така, ниту еден критичар, повеќе, неможел да ги негира уметниците и нивната уметност наречена Поп Арт, но,тие му пристапуваа различно во своите анализи., секој од свој аспект и со свој аргументи.

**Гаитис Јанис, GRC**
Последни новости, 1969
Објект, 180x120x25



Иако, роден во Англија, сепак зрелиот Поп Арт е специфичен за Америка, особено за Њујоршката сцена.
Некои критичари сметаат дека Поп Артот е "американска појава", создадена од клишето на големата, храбра и сирова Америка..". Сепак, факт е дека неколку Њујорчани започнуваат свој уметнички израз, независно од случувањата во Англија. Едноставно, во истиот моментот се појавуваат на уметничката сцена со новиот, свеж уметнички израз.

Додека, во Америка Поп Артот изникнал од дадаистичката анти уметничка демонстрација, во Англија тој израсна од независната народна култура и суб култура – рекламните огласи, тривијалните списанија и илустрации од научната фантастика....
(Дејвид Хокни, Ален Џонс, Ричард Хамилтон, Питер Блејк, Џим Дајн, Р.Б. Китај..).

Европската градска уметност во тој период, се нарекува Нов Реализам – Нова Фигурација. Но, сите уметници од Новиот Реализам, не се поврзуваат со Поп Артот.
Европскиот Поп Арт (Италија, Франција и Германија...), ниту стилски ниту формално не е така агресивен како Американскиот. Европските поп уметници се наклонети кон манифестирање, емоции и "ангажираност", од причини што се различни нивните традиции и условите за живот. Затоа некои критичари сметаат дека, сепак, Поп Артот е производ на богато општество (потрошувачко), како што е Америка, додека



На претходната страна:
**Титонело Анџело, ITA**
Нуркач, 1973
Акрилик на платно, 200x200

**Јанкович Јозеф, SVK**
Последната вечера, 1966
Објект, 94x82x70

Европа во тој перид се лекуваше од војната и многу бавно го достигнуваше индустрискиот развој.

Како движење, Поп Артот не се вкоренува во ниту една земја, ниту пак е спој на стилови од едно пошироко подрачје. Насекаде, се јавува во сосема различен вид.
Сепак, заедничката одлика е позитивистичкиот пристап при обработувањето на современиот живот - оптимизмот. Иако, се занимава со "тинејџерската култура", што би подразбирало непријателски однос кон современите вредности и негација, сепак, Поп Артот означува ново позитивно одвојување од прифатените текови во уметноста на 60-те години на XX век.

*

Навестувања за појавување на Поп Артот може да се следат неколку децении наназад во делата на европските уметници ( Дишам, Леже..).

- Поп Артот е реакција (производ), на дведецениското постоење на апстракцијата.
- Обработува актуелни теми и појави од секојдневието.
- Влече елементи од дадаизмот - вклопување на уметноста и социолошкиот контекст на постоечкиот дух на тоа време
- и од кубистичкиот колаж. Ја користат техниката на колажот за да ја приближат сликата за животната содржина на модерниот човек - потрошувачката грозница, социјалните фетиши со баналните идоли и тривијалната потреба за разонода (забавување), со блескава и иронична острина.



**Хокни Дејвид, GBR**
Пејсаж, 1996
Офсет, 50x40



**Џаспер Џонс, USA**
Кожата на поемата на О` Хара, 1965
Литографија, 57x76

- Поп Артот ги воздигнува предметите од секојдневниот живот до уметничко дело. Без критичност, го насочува погледот исклучиво кон естетските особини на баналните потрошни предмети, кои обично се вреднуваат и ценат само  по нивната употребна вредност. Ворхол  " ПопАртот, без илузии, сака, да им овозможи на предметите да дојдат самите до збор ". Човекот може да се види на платната како робот или како сентиментална пародија на некој идол - филмска ѕвезда или рок идоли....

Поп уметниците имаат заеднички карактеристики, но, при изразувањето
( во сликарството, графиката, филмот, скулптурите, амбиенталните објекти...) имаат свој, индивидуален пристап.



*

Делото го реализираат во комбинирана техника што претставува ironична антитеза на апстракниот експресионизам. На исликаното платно вклопуваат артикли од стоковните куќи, отпадни предмети и производи, делови од крпчиња и фотографии, конзервите од пиво ги претвораат во суперреалистички фотографии на филмски ѕвезди. Поп уметниците од Њујоршката и воопшто американската сцена употребуваат блескави бои, превземени од модерните неонски светлечки реклами, а темите ги црпат од потрошувачката во стоковните куќи и индустријата за забава.

Предметите и појавите се трансформираат во огромни, иконографски, јасно претставени слики на ѕвезди– пин ап девојки; конзервите од супи и шишињата од кока кола се претставуваат во стилот на филмските и рок идоли, делови од стриповите се трансформираат, со енормно увеличување, на огромни сликани табли.
Поп уметниците се обидуваат, со создавањето на натприродно големи, верни репродукции да ја објаснат техниката на рекламната графика и нејзините ефекти.
Во огромни димензии, од платно, се создаваат и телефони, мијалници, прекинувачи за светло, разновидни индустриски производи - се моделираат монументални кујнски предмети и сендвичи...
( Роберт Рашенберг, Џаспер Џонс, Д` Арканџело, Рој Лихтенштајн, Енди Ворхол, Том Веселман, Клас Олденбург, Џемс Розенквист, Мел Рамос, Вејн Тибо, Едвард Рашеј....)

*

Сликајќи ја цивилизацијата опфатена од индустријата, Поп уметникот истовремено ја критикува но и ја велича модерната, потрошувачка култура. Некои историчари на уметноста велат дека, поп уметниците, при тоа, истовремено, ја вклопуваат и својата ум етност во тие потрошувачки механизми.

*Елизабета Јанковска*

Голема благодарност до кустосите од Одделот за збирки и депоа што овозможија делата на значајните светски автори од збирката на МСУ, да бидат изложени на оваа едукативно-дидактичка изложба.

**Титис Кармел Жерар, FRA**
Мртва природа со крзно, 1969
Комбинирана техника на платно, 146x114x12



**Шијак Томо, МАК**
Во чест на столиците, 1965
Комбинирана тхеника на даска,122x71x2

**Николаев Виктор, RUS**
Енди Ворхол супер стар, 2000
Комбинирана техника на хартија, 241x131



**Аврамовска Елизабета, МАК**
Автопортрет, 1998
Плотерска фотографија,
алуминиум, 100x200x20



КАТАЛОГ

**Аврамовска Елизабета, MAK**
Автопортрет, 1998
Плотерска фотографија, алуминиум, 100x200x20
**Валентинер Петер, FRA**
Детектив, 1969
Акрилик на платно, 100x100
**Гаитис Јанис, GRC**
Последни новости, 1969
Објект, 180x120x25
**Д` Арканџело Алан, USA**
Двојна трака на бетонски свиок низ планините, 1965
Масло на платно, 150x177
**Ивањицки Оља, JUG**
7 јули, 1965
масло, 243x137
**Јанкович Јозеф, SVK**
Последната вечера, 1966
Објект, 94x82x70
**Николаев Виктор, RUS**
Енди Ворхол супер стар, 2000
Комбинирана техника на хартија, 241x131
**Оташевиќ Душан, JUG**
Чистотата е половина здравје
а нечистотата е втората половина, 1967
Боено дрво, алуминиум, 400x100
**Рабаскал Хоан, FRA**
Во чест на црната сила, 1969-70
Објект, 210x97x15
**Стамфли Питер, FRA**
Големата Награда, 1969
Литографија, 56x90



**Титис Кармел Жерар, FRA**
Мртва природа со крзно, 1969
Комбинирана техника на платно, 146x114x12
**Титонело Анџело, ITA**
Нуркач, 1973
Акрилик на платно, 200x200
**Филипс Питер, GBR**
Автомобилски делови, 1972
Офсет, 74x106
**Хокни Дејвид, GBR**
Пејсаж, 1996
Офсет, 50x40
**Џаспер Џонс, USA**
Кожата на поемата на О` Хара, 1965
Литографија, 57x76
**Шијак Томо, МАК**
Во чест на столиците, 1965
Комбинирана тхеника на даска,122x7,1x2

**Стамфли Питер, FRA**
Големата Награда, 1969
Литографија, 56x90в





Министерство за култура

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје
7.038.51(06.064)
издава: музеј на современата уметност, скопје, самоилова бб, тел. 11 77 34, факс 110 123, избор од колекција на мсу, поп арт, април 2003,едукативно-дидактичка изложба на тема, оддел за едукација, за издавачот: емил алексиев, организација на изложбата и каталог: елизабета јанковска, фотографии од архивата на мсу, дизајн: стефан георгиевски, печати: скенпоинт,
тираж: 500

COBISS.MK-ID 52282890
ISBN 9989-703-53-1